# ПОГЛАВЈЕ XIII

## РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

## XIII РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

Фабриката за цемент " УСЈЕ" е изградена во педесетите години од минатиот век. Успешно работи повеќе од шеесет години и е важен столб на стопанството на Р. Македонија и поширокиот регион.

Целокупната работа на фабриката е во согласност на постоечката законска регулатива, усмерена кон континуирано подобрување и грижа за животната средина.

Евентуалниот престанок на работа на Цементарница " УСЈЕ" – А.Д Скопје, би бил пак во согласност со постоечката законска регулатива.

Фабриката за цемент " УСЈЕ" заедно со рудникот за лапорец се простира на вкупна површина од 2001948 $m^2$

Оваа површина се однесува на моменталната состојба (август 2019 год), затоа што копот за лапор во иднина ќе се прошири бидејќи г УСЈЕг откупува земјиште во соседството.
Со новата законска регулатива обврска на секој корисник на наоѓалишта на минерални и неминерални суровини во државата е, да по делумно или целосно искористување на наоѓалиштето, да се воспостави првобитна состојба или да се изврши рекултивација.

Оваа мерка а истовремено и обврска на корисникот - концесионерот, е во функција на воспотавување, заштита, одржлив развој и унапредување на животната и работната средина.

Рекултивација на копот за лапор се прави по постоечки проект за рекултивација.

Во случај на престанок на работа на Цементарница " УСЈЕ" – А.Д Скопје, би престанала и експлоатацијата рудниците , т.е копот за лапор - во склоп на фабриката. Рекултивација на просторот на копот би се завршила во согласност со претходно спомнатиот проект за рекултивација.

Во случај на престанок на работа на на Цементарница " УСЈЕ" – А.Д Скопје , претходно би бил направен:

- План за престанок со работа

- o План за активности кои би биле превземени и направени по престанок со работа на фабриката.

Планот на активностите би се одвивал во неколку фази.

1) Одложување на залихите
2) Деинсталација, демонтажа на опрема
3) Справување со остатоците од деинсталацијата
4) Реставрација на земјиштето.

Времетраењето на реализацијата на овој план би било до една година.

## 1) ОДЛОЖУВАЊЕ НА ЗАЛИХИТЕ

- Залихите цемент во силоси би се спакувале и продале на купувачите
- Неупотребените хемикалии и супстанци би се вратиле на продавачите таму каде што е тоа можно.
- Сите залихи што би останале во складовите би биле вратени на производителите.
- Сите преостанати материјали би се отстраниле соодветно, согаласно важечката законска регулатива.

## 2) ДЕИНСТАЛАЦИЈА, ДЕМОНТАЖА НА ОПРЕМА

По престанокот на исталацијата со работа, постројките и пратечката опрема ќе се демонтира, доколку има заинтересирани ќе се оттуѓи, во спротивно ќе се исече и продаде како секундарна суровина, или депонира соодвено согаласно важечката законска регулатива.

Управните згради, погоните, производните хали и придружните објекти, се изградени од класичен градежен материјал и од челична конструкција. Во случај на престанок со работа, ќе се настојува да се продаде инсталацијата во целост, а доколку тоа не е можно ќе се пристапи кон парцијална продажба и пренамена на објектите или кон нивно конзервирање и рушење.
Во случај на рушење на зградите, придружните објекти и производните хали, матерјалите од кои се изградени овие објекти не се опасни и немаат влијание врз животната средина. Градежниот шут ќе се одложи соодветно, согаласно важечката законска регулатива, а останатото ќе се демонтира и продаде како секундарна суровина.

## 3) СПРАВУВАЊЕ СО ОСТАТОЦИТЕ ОД ДЕИНСТАЛАЦИЈАТА

По демонтажата на фабричките постројки, машини, траки, цевки, цевоводи, истите, во делови и целосно би се отстраниле соодветно согаласно важечката законска регулатива. Машините кои не би можеле повторно да се

употребат во некоја друга постројка или да се продадат, би се продале како секундарна суровина. Демонтираните делови не ја загрозуваат животната средина.

Остатоците од срушените градежни објекти ќе се одложат соодветно, согаласно важечката законска регулатива.

## 4) РЕСТАВРАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО

По демонтажа на опремата и сите објекти во фабриката, и отстранување на остатоците од демонтажата, би се пристапило кон реставрација на теренот и рекултивација на земјиштето.

Процесот на рекултивација на земјиштето е сложена постапка на мерки и работи. Тие се насочени кон обновување на репродуктивните својства на оштетеното земјиште и создавање на нови зелени површини кои се во функција на заштитата и унапредување на животната средина за различни потреби и намени на човекот.